| „Кој закон го овластил судот да одлучува за одлука на основен суд во Струмица<br>Ако адресатот е познат АС Штип: кој го овластил судот да обработува и ги користи личните податоци на жалителот.“, доставено по e-mail, а во врска со постапката и Решението К.бр.568/21 од ден 21.01.2022 година на Основниот суд Струмица | Со Решение Кр. бр. 41/2022 од 13.04 2022, Врховниот суд на Република Северна Македонија, постапувајќи по предлогот за определување на друг стварно надлежен суд на Претседателот на Апелациониот суд Штип Су.бр.384/2022 од 06.04.2022 година, а согласно член 27 од Законот за кривичната постапка („Сл.весник на РМ“ бр.150/10, 100/12, 142/16 и 198/18), за стварно надлежен суд за спроведување на постапката по кривичниот предмет на Апелациониот суд Штип КЖ бр.49/2022, оформен по поднесена жалба од приватниот тужител ДЛ од Струмица, го определува Апелациониот суд Скопје.<br>Апелациониот суд Скопје, црпејќи ја својата надлежност од погоре наведениот акт, во со закон утврдена постапка и основ, согласно начелата поврзани со обработката на личните податоци, дадени со член 9 и 10, а по основ на член 95 од Законот за заштита на личните податоци („Сл.весник на РМ“ бр.42/20), ги добива и користи податоците за кои субјектот со јасно потврдено дејствие, содржина на акти во кои самостојно презентира податоци во постапка пред судовите на Северна Република Македонија, изразува согласност за обработка на неговите лични податоци. |
| „под кои броеви се заведени предметите во Апелационен суд Скопје“ | Предметот на Основниот граѓански суд Скопје под број П4-332/18 во Апелациониот суд Скопје е заведен како Гж 4058/21,<br>Предметот на Основниот граѓански суд Скопје под број ТС1-56/20 во Апелациониот суд Скопје е заведен како ТСЖ 784/22,<br>Предметот на Основниот граѓански суд Скопје под број П4-227/21 во Апелациониот суд Скопје е заведен како Гж 785/22. |
| „Кој закон го овластил судот да одлучува за одлука на основен суд во Струмица<br>Ако адресатот е познат АС Штип: кој го овластил судот да обработува и ги користи личните податоци на жалителот.“, во врска со КЖ 489/22, КЖ 597/22, КЖ 602/22 и КЖ 598/22 на Апелациониот суд Скопје | Барателот се известува дека е одговорено на ден 14.09.2022 година |
| „за постапување и број на предметот за кој до Апелациониот суд е доставена Жалба по Пресуда на | Предметот на Основниот граѓански суд Скопје, 51ТС 303/17, во Апелациониот суд Скопје е примен на ден 09.03.2022 година и заведен како ТСЖ 344/22. Истиот е распределен кај |

| | |
|---|---|
| Основен граѓански суд Скопје 51ТС 303/17 од 17.12.2021 година.“ | судија и земен во работа согласно распоредот за работење. По жалбата во истиот не е донесена одлука |
| „до која фаза се предметиве К-бр. 600/20 на Основен суд Куманово обвинет КТ каде сум јас бранител, и до каде е постапката по жалба за предметот 23МАЛВ.ВП.12/21 на Граѓански суд Скопје “ | Предметот на Основниот суд Куманово, К-бр. 600/20, во Апелациониот суд Скопје е примен на ден 29.04.2022 година и заведен како КЖ 397/22. Истиот е распределен кај судија и земен во работа согласно распоредот за работење. По истиот е прибавено мислење од ВЈО.<br>Предметот на Основниот граѓански суд Скопје, 23МАЛВ.ВП.12/21, во Апелациониот суд Скопје е примен на ден 12.07.2021 година и заведен како ГЖ 2824/21. Истиот е распределен кај судија и земен во работа согласно распоредот за работење. |
| достава на е-адреса на „збирките на судски одлуки на Апелационен суд од 1996 до 2010 г“ | Согласно член 16 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник бр.101/19) став (2) барањето се поднесува на образецот од ставот (1) од истиот член или во форма и на начин согласно членот 12 став (1) од наведениот закон. Согласно член 16 став (3) барањето треба да содржи назив на имателот на информацијата, личното име и презиме на барателот на информацијата, податоци за можниот застапник или ополномоштеното лице, фирмата или правното лице. Согласно што во барањето отсуствуваат дел од овие податоци, Апелационен суд Скопје, согласно член 17 став 1, бара, во рок од три дена од денот на приемот на ова Известување, да извршите дополнување на Вашето барање земајќи ја во предвид содржината на член 16 од погоре наведениот закон. За таа намена, на веб страницата на Судот, во менито „Контакт информации“, подмени „Слободен пристап до информации“ објавена е форма на образец: Барање за пристап до информации од јавен карактер.<br>Притоа, потсетуваме дека согласно член 72 од Судскиот деловник судската практика се обработува во посебен оддел во судот при што при обработката се користат податоците од автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети. Судовите, донесените значајни правосилни одлуки систематизирани по правни области, ги објавуваат во билтен. Врховниот суд на Република Македонија изготвува збирка на судски одлуки со сентенци и кратки образложенија, која може да се објави и на веб страницата на судот.<br>Одтука, упатуваме на веб страницата на судот преку која може да пристапите до базата на одлуки донесени од Апелациониот суд Скопје, но и до билтените на Апелационен суд Скопје. |
| „Кој закон ја овластил судиите Марија Ѓорѓиева од основен суд во Струмица да расправа за иницијалниот | Согласно чл.29 и чл.33 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/ 2006, бр.62/2006, бр.35/2008, бр.150/2010, бр.83/ 2018) апелационите судови се надлежни да |

| | |
|---|---|
| предмет Пл.бр.6130/2007 и лажната исправа ППНИ 73/21 од 07.10.2021 год во вредност од 97.957,00 ден. па создаде судско решение К.бр.97/22 од 25.03.22 год.“<br><br>„Кој закон ги овластува судиите на АС Скопје да расправаат за токот: Пл.бр.6130/2007, ППНИ.бр.50/2015 вредност од 26.385,00; ППНИ 73/21 од 07.10.2021 год., 97.957,00 ден, К.бр. 97/22 од 25.03.22 година па создадат решение КЖ 809/22“,<br><br>„Кој закон ги овластува соучесниците да бараат рекет од 800,00 за тресење на празна слама“. | решаваат по жалбите против одлуките на основните судови од своето подрачје, а Основниот суд Струмица не е Суд од подрачјето. Од причина што барате информација за постапување на судија кој не постапува во Апелациониот суд Скопје Вашето барање е препратено до Основен суд Струмица.<br>Апелациониот суд Скопје својата надлежност за постапување по КЖ -809/22 ја основа од Решение Кр. бр. 109/22 на Врховниот суд на Република Северна Македонија, донесено согласно Законот за кривичната постапка („Сл.весник на РМ“ бр.150/10, 100/12, 142/16 и 198/18)<br>„Кој закон ги овластува соучесниците да бараат рекет од 800,00 за тресење на празна слама“. Апелациониот суд Скопје Ве потсетува дека „информација од јавен карактер“ е информација во било која форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности. Во конкретниот случај, консултирајте го Кривичниот законик во делот на поткуп, Законот за кривична постапка и обратете се за информацијата пред надлежен орган. |
| „.. барам да биде објавена во анонимизирана форма, на суд.мк, пресудата на АСС Гж.бр.3164/16“ | Доставен е преглед од веб страната на Апелациониот суд Скопје на кој видлива е објавата на истата. |
| „Фотокопија на Решенијата на Врховниот суд на РСМ да одлучува АС Скопје“ | Доставено е Решение Кр.бр.63/2022 од 11.05.2022 година на Врховниот суд на Република Северна Македонија и Решение Кр.бр.70/2022 од 11.05.2022 година на Врховниот суд на Република Северна Македонија |
| 1. „Ве молам наведете број на правосилни судски пресуди на подрачјето на Апелационен суд Скопје по член 394-г од Кривичниот законик:<br>(1) Тој што преку компјутерски систем во јавноста шири расистички и ксенофобичен пишан материјал, слика или друга репрезентација на идеја или теорија која помага, промовира или поттикнува омраза, дискриминација или насилство, против кое било лице или група, врз основа на раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, како и верско уверување, ќе се казни со затвор од една до пет години.<br>(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој што делото ќе го стори преку други средства за јавно информирање. | Апелационен суд Скопје во последните 6 години одлучил по еден предмет: КЖ-682/19 од 21.08.2019 година за кој одлуката е објавена на ден 21.01.2020 година. |

| | |
|---|---|
| (3) Тој што делото од ставовите (1) и (2) на овој член го врши со злоупотреба на положбата или на овластувањето или ако поради тие дела дошло до безредие и насилства спрема луѓе или до имотна штета од големи размери, ќе се казни со затвор од една до десет години.<br>2. Ве молиме да ни ги доставите и броевите на предметите за кои била донесена правосилна пресуда.“ | |
| ..да ни се достават адресите на следните судии на Апелациониот суд Скопје: -Мери Дика Георгиевска, Јетмире Ајдини Бошњаку, Роза Георгиева | Согласно Законот за заштита на личните податоци „личен податок“ е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува (субјект на лични податоци), а физичко лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на идентификатор како што се име и презиме, матичен број на граѓанинот, податоци за локација, идентификатор преку интернет, или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, генетски, ментален, економски, културен или социјален идентитет на тоа физичко лице.<br>Од оваа причина но и од причина што се бара информација, податок за локација, адреси на судии на Апелациониот суд Скопје, лица кои уживаат имунитет по службена должност, прецизиран во Вашето барање за доставување информација, заведено во Апелациониот суд Скопје како СПИ 45/22 од 23.11.2022 година, Апелациониот суд Скопје, согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во со закон предвидените рокови, Барањето го препрати до Министерството за внатрешни работи како надлежен орган за пријавување на последно престојувалиште и живеалиште. |
| „..да ни се достават адресите на следните судии на Апелациониот суд Скопје: -Роза Георгива, - Елизабета Дуковска, - Јетмире Ајдини Бошњаку | Согласно Законот за заштита на личните податоци „личен податок“ е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува (субјект на лични податоци), а физичко лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на идентификатор како што се име и презиме, матичен број на граѓанинот, податоци за локација, идентификатор преку интернет, или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, генетски, ментален, економски, културен или социјален идентитет на тоа физичко лице.<br>Од оваа причина но и од причина што се бара информација, податок за локација, адреси на судии на Апелациониот суд Скопје, лица кои уживаат имунитет по службена должност, прецизиран во Вашето барање за доставување информација, заведено во |

| | |
|---|---|
| | Апелациониот суд Скопје како СПИ 46/22 од 24.11.2022 година, Апелациониот суд Скопје, согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во со закон предвидените рокови, Барањето го препраќа до Министерството за внатрешни работи како надлежен орган за пријавување на последно престојувалиште и живеалиште. |
| „колку време треба да помине за да има одговор по таа жалба“ | Посочено е на Законот за парнична постапка („Службен весник на РМ“, бр. 7/11 и 125/2015) и дел од истиот:<br><br>Член 348<br>(1) Примерок од навремена, целосна и дозволена жалба првостепениот суд ќе достави до спротивната странка и во рок од три дена **до спротивната странка која може во рок од осум дена од приемот да поднесе до тој суд одговор на жалбата.**<br>(2) Примерок од одговорот на жалба првостепениот суд ќе достави во рок од три дена до жалителот.<br>(3) Ненавремено поднесениот одговор на жалба нема да се отфрли туку ќе се достави до второстепениот суд кој ќе го земе предвид, ако тоа е уште можно. |
| „.. за тоа до каде е постапката пред Апелационен суд Штип по однос на предметното барање за исправка на пресуда“ на Апелационен суд Скопје ГЖ-1844/21 | Известуваме дека предметот е административно вратен во Основниот граѓански суд Скопје на ден 14.12.2022 година. |
| „одлука на Апелациониот суд Скопје по предметот КОКЖ-100/21 во јавноста познат како „Трезор“ | Апелациониот суд Скопје утврди дека бараната информација „одлука на Апелациониот суд Скопје по предметот КОКЖ-100/21 во јавноста познат како „Трезор““ е информација со која располага согласно неговите надлежности, истата е стекната и составена во кривична постапка водена пред Судот.<br>На ден 25.11.2022 година на својата веб страна, Апелациониот суд Скопје, ја известува јавноста за својата одлука по предметот КОКЖ-100/21, во јавноста познат како „Трезор“. Со даденото соопштение се известува јавноста дека со донесеното Решение КОКЖ-100/21 се уважуваат жалбите на обвинетите, се укина првостепената пресуда и предметот, Апелациониот суд Скопје, го враќа пред првостепениот надлежен суд на повторно постапување и одлучување од причина што при разгледување на побиваната пресуда констатира дека првостепениот суд, при постапувањето по овој предмет, сторил суштествени повреди на одредбите од Законот за кривичната постапка, со што се доведува во прашање фактичката состојба и правилната примена на Кривичниот законик.<br>Од причини погоре наведени и можноста првостепената одлука, по однос на вината, да биде видоизменета согласно можноста за новоутврдена фактичка состојба во |

| | |
|---|---|
| | понатамошната, пред првостепениот суд, постапка, се цени дека неопходно е натамошно обезбедување сигурност и интегритет од страна на Апелациониот суд Скопје, во насока, првенствено, на почитување на начелото на презумпција на невиност за лица обвинети за кривично дело[1] Во конкретниот случај истото се утврдува за заштитен интерес што пак крајно оди во насока на заштита на јавниот интерес во смисла на овозможување на еднаков третман на секој граѓанин пред законите. Од тука се цени јавниот интерес за овозможување на еднаков третман на секој граѓанин пред законите за повисок од оној за слободен пристап до нефинална информација.<br>Дека постои унификација во презентирање на ставот дека обвинето лице се смета за невино додека неговата вина е утврдена со правосилна судска пресуда докажуваат и член 99 став 5 од Законот за судовите[2] („Службен весник на РСМ“ бр.58/06, 62/06, 35/08, 61/08, 118/08, 16/09, 150/10, 39/12, 83/18, 198/18 и 96/19) и член 9 став 2 од Законот за управување со движење на предметите во судовите[3] („Службен весник на РСМ“ бр.42/20), каде е, како во конкретниот случај, оставено докрај правилно да се утврди фактичката состојба и правилно примени Законот за кривичната постапка („Службен Весник на РМ бр.150/10) па не му е дозволено на имателот на информацијата да објави неправосилна одлука како во случајот на Решението КОКЖ-100/21 на Апелационен суд Скопје. Во конкретниот случај, со цел да се задоволи јавниот интерес покажан особено во периодот декември 2022 година, а избегнат неуки и паушални шпекулации а со тоа оневозможи намалување на и онака ниската доверба во работењето на судството, а заштити правото на обвинетиот за пезумпција на невиност до правосилност на одлуката, со соопштението од ден 25.11.2022 година истакнато на веб страната на Апелациониот суд Скопје обезбеден е делумен и пристап за кој Судот црпи основ од член 97 од Законот за судовите („Службен весник на РСМ“ бр.58/06, 62/06, 35/08, 61/08, 118/08, 16/09, 150/10, 39/12, 83/18, 198/18 и 96/19). На начинот на запознавање со информацијата, соопштението од 25.11.2022 година на веб страната на Судот, Судот, ги следи напатствијата на законодавецот и не го нарушува угледот, честа и достоинството на личноста на обвинетите, а пред се, како во конкретниот случај, објавата не е на штета на |

[1] Член 2 од Законот за кривичната постапка („Службен Весник на РМ бр.150/10)
(1) Лицето обвинето за кривично дело ќе се смета за невино си додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска пресуда.
(2) Државните органи, средствата за јавно информирање и другите субјекти се должни да се придржуваат до правилото од ставот (1) на овој член, а со своите јавни изјави за постапката што е во тек не смеат да ги повредат правата на обвинетиот и оштетениот, како и судската независност и непристрасност.

[2]Донесените правосилни одлуки судовите задолжително ги објавуваат на веб страницата на судот во рок од седум дена од денот на правосилноста, на начин утврден со закон.
[3]Овластениот судски службеник на повисокиот суд е должен во рок од седум дена од денот на верификацијата на правосилната судска одлука да ја објави на веб

| | |
|---|---|
| | независноста и самостојноста на судот кој ќе постапува по предметот. На овој начин е обезбедена соодветна пропорција помеѓу заштитениот интерес од презумпција на невиност и јавниот интерес за целосно објавување на информацијата.<br>Со тоа што Апелациониот суд Скопје утврдил дека е доведена во прашање фактичката состојба и правилната примена на Кривичниот законик, што би значело дека истиот проценил дека има неправилно утврдени дејствија по конкретниот предмет, а објавил соопштение за јавноста, го заштитил јавниот интерес за овозможување на еднаков третман на секој граѓанин пред законите но и овозможил достапност на нефинална информација. На тој начин обезбедил правда што пак е секогаш крајна цел на Судот поради и што во случајов се цени интересот за заштита за повисок од јавниот интерес за објавување на бараната информација во целост.<br>Од сето погоре истакнато се препознава исклучокот предвиден со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во член 6 став 1 точка 4 од истиот па Имателот на информацијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение.<br>На крајот, имателот на информацијата сепак посочува на законската можност дадена со член 10[4] од Законот за управување со движење на предметите во судовите („Службен весник на РСМ“ бр.42/20). |
| „запознавање со релевантна судска пракса во смисла на слободниот пристап на информации со одлуките донесени од судот, Доколку одлуката е станата Правосилна“ | Одлуката по предметот ГЖ-1372/21 од 29.01.2021 на Апелационен суд Скопје е неправосилна па согласно член 99 став 5 од Законот за судовите[5] („Службен весник на РСМ“ бр.58/06, 62/06, 35/08, 61/08, 118/08, 16/09, 150/10, 39/12, 83/18, 198/18 и 96/19) и |

[4]База на судски одлуки, Член 10(„Службен весник на РСМ“ бр.42/20)

(1) Информатичкиот центар во Врховниот суд на Република Северна Македонија води база на правосилни и неправосилни судски одлуки со интегрални текстови без анонимизирање на податоците на странките и другите учесници вопостапката.
(2) Пристап до базата на судски одлуки од ставот (1) на овој член во рамките на автоматизираниот систем со единствено корисничко име и лозинка може да имаат судиите и Судскиот совет на Република Северна Македонија, со поднесување на барање до претседателот на Врховниот суд на Република СевернаМакедонија.
(3) Пристап до базата на правосилни судски одлуки од ставот (2) на овој член имаат и други лица заради научно-истражувачки цели кои ќе ја докажат својата легитимна цел за пристап до базата на судски одлуки, со поднесување на барање до претседателот на Врховниот суд на Република СевернаМакедонија.
(4) Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија по барањето од ставовите (2) и (3) на овој член одлучува во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето, по претходно прибавено мислење од Работното тело за стандардизација напостапките при користење на автоматизираниот систем восудовите
(5) Начинот на определување на нивоата и пристапот до судските одлуки од овој член се уредува со акт на претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија на предлог на Работното тело за стандардизација на постапките при користење на автоматизираниот систем восудовите.
(6) Субјектите од ставовите (2) и (3) на овој член на кои ќе им биде одобрено барањето за пристап до базата на судски одлуки, седолжни да постапуваат согласно со прописите од областа на заштитата на личнитеподатоци

[5]Донесените правосилни одлуки судовите задолжително ги објавуваат на веб страницата на судот во рок од седум дена од денот на правосилноста, на начин утврден со закон.

| | |
|---|---|
| | член 9 став 2 од Законот за управување со движење на предметите во судовите[6] („Службен весник на РСМ“ бр.42/20) не е предмет на објава. |
| „Категорија на вработен, ниво на работно место, пол, датум на раѓање по лице за сите вработени во Апелациониот суд Скопје, во следна форма: Пр.В1-стручен судски службеник од прво ниво-Ж-д/м/г (01.05.1977)“ | Согласно Законот за лични податоци и тоа дека личен податок е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува (субјект на лични податоци), а физичко лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на идентификатор како што се име и презиме, матичен број на граѓанинот, податоци за локација, идентификатор преку интернет, или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, генетски, ментален, економски, културен или социјален идентитет на тоа физичко лице, Во прилог, Ви ја доставуваме Табелата со податоци за сите вработени во Апелационен суд Скопје.<br>Во табелата отсуствува датумот на раѓање на секој вработен, а согласно што барателот инсистира на истиот е изготвен тест за штетност а Решението за обезбедување на делумен пристап до информацијата е со следното образложение:<br>На ден 14.12.2022година, примено од електронско сандаче contact@cpia.mk од Центарот за правни истражувања и анализи, заведено како СПИ.бр.52/2022 е Барањето за пристап до информации од јавен карактер за информација со следните спецификации: „Категорија на вработен, ниво на работно место, пол, датум на раѓање по лице за сите вработени во Апелациониот суд Скопје, во следна форма: Пр.В1-стручен судски службеник од прво ниво-Ж-д/м/г (01.05.1977)“. По барањето, на ден 21.12.2021година, е обезбедена информација за категорија на вработен, ниво на работно место, и пол на вработен во Апелациониот суд Скопје.<br>Апелациониот суд Скопје утврди дека бараната информација „...датум на раѓање по лице за сите вработени во Апелациониот суд Скопје“ е информација со која располага Судот .<br>Утврди и дека денот, месецот и годината на раѓање се број на податоци содржани во повеќе од половина од единствениот матичен број на секој граѓанин па и на вработените на Судот. Матичниот број на граѓанинот претставува заштитен личен податок[7] , а делумниот податок од единствениот матичен број, полот, категоријата на |

[6]Овластениот судски службеник на повисокиот суд е должен во рок од седум дена од денот на верификацијата на правосилната судска одлука да ја објави на веб

[7] Член 4 од Законот за заштита на личните податоци (Службен Весник бр.42/20): -„личен податок“ е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува (субјект на лични податоци), а физичко лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на идентификатор како што се име и презиме, матичен број на граѓанинот, податоци за локација, идентификатор преку интернет, или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, генетски, ментален, економски, културен или социјален идентитет на тоа физичко лице.

| | |
|---|---|
| | вработен, нивото на работно место за секој вработен во Судот е консталација која идентификува физичко лице,особено во оние категории и нивоа на вработени каде има еден вработен или двајца вработени со различен пол, на Барателот му е обезбеден делумен пристап до информацијата и му е појаснето дека се постапува во контекст на Законот за заштита на лични податоци.<br>Судот преку Изјавата за тајност и заштита на личните податоци, изготвена согласно дадена од секој вработен е ограничен во обработката и понатамошната дистрибуцијата на податоците кои ги добива со цел исполнување на обврските од договорот за вработување. Во тие податоци спаѓа и личниот податок за датумот на раѓање за секој од вработените.<br>Апелациониот суд Скопје со секој свој Извештај до надлежните институции, навремено, обезбедува податоци за бројот на упразнети работни места во Судот во однос на бројот и потребата од пополнување на истите. Истите се побаруваат и предаваат во форма без притоа да се загрози правото на заштита на личен податок, а Судот да го унапреди своето работење обезбедувајќи доволно човечки ресурси во соодветна категорија и ниво/функција.<br>Обезбедената информација (категорија на вработен, ниво на работно место, и пол на вработен во Апелациониот суд Скопје) обезбедува соодветна пропорција помеѓу заштитениот интерес утврден во бараниот личен податок во конкретната консталација и јавниот интерес за приказ за бројот на упразнувањето на работните места во судовите во однос на бројот и потребата од пополнување на истите, особено што таквиот податок е веќе презентиран пред надлежните органи. Во услови и кога е законски утврдено кои лични податоци на вработените не побаруваат заштита, Имателот на информацијата цени дека јавниот интерес за овозможување на еднаков третман на секој граѓанин пред законите е повисок од оној за слободен пристап до конкретниот личен податок во конкретната консталација.<br>Од сето погоре истакнато се препознава исклучокот предвиден со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во член 6 став 1 точка 2[8] од истиот па Имателот на информацијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение. |
| „одлука на Апелациониот суд Скопје по кривичниот предмет КОКЖ-81/21 во јавноста познат како „Таргет-Тврдина“ | Апелациониот суд Скопје утврди дека бараната информација „одлука на Апелациониот суд Скопје по кривичниот предмет КОКЖ-81/21 во јавноста познат како |

[8] Имателите на информации можат да одбијат барање за пристап до личен податок чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци.

| | |
|---|---|
| | „Таргет-Тврдина““ е информација со која располага согласно неговите надлежности, истата е стекната и составена во кривична постапка водена пред Судот.<br>На ден 16.12.2022година и 19.12.2022 година на својата веб страна, Апелациониот суд Скопје, ја известува јавноста за својата одлука по предметот КОКЖ-81/21, во јавноста познат како „Таргет-Тврдина“. Со дадените соопштенија се известува јавноста дека со донесената одлука по КОКЖ-81/21 се укинува првостепената пресуда и предметот, Апелациониот суд Скопје, го враќа пред првостепениот надлежен суд на повторно постапување и одлучување од причина што првостепениот суд при постапувањето по овој предмет сторил суштествени повреди на одредбите од Законот за кривичната постапка, поради што се доведува во прашање фактичката состојба и правилната примена на Кривичниот законик.<br>Од причини погоре наведени и можноста првостепената одлука, по однос на вината, да биде видоизменета согласно можноста за новоутврдена фактичка состојба во понатамошната, пред првостепениот суд, постапка, се цени дека неопходно е натамошно обезбедување сигурност и интегритет од страна на Апелациониот суд Скопје, во насока, првенствено, на почитување на начелото на презумпција на невиност за лица обвинети за кривично дело[9] Во конкретниот случај истото се утврдува за заштитен интерес што пак крајно оди во насока на заштита на јавниот интерес во смисла на овозможување на еднаков третман на секој граѓанин пред законите. Од тука се цени јавниот интерес за овозможување на еднаков третман на секој граѓанин пред законите за повисок од оној за слободен пристап до нефинална информација.<br>Дека постои унификација во презентирање на ставот дека обвинето лице се смета за невино додека неговата вина е утврдена со правосилна судска пресуда докажуваат и член 99 став 5 од Законот за судовите[10] („Службен весник на РСМ“ бр.58/06, 62/06, 35/08, 61/08, 118/08, 16/09, 150/10, 39/12, 83/18, 198/18 и 96/19) и член 9 став 2 од Законот за управување со движење на предметите во судовите[11] („Службен весник на РСМ“ бр.42/20), каде е, како во конкретниот случај, оставено докрај правилно да се утврди фактичката состојба и правилно примени Законот за кривичната постапка („Службен |

[9] Член 2 од Законот за кривичната постапка („Службен Весник на РМ бр.150/10)
(1) Лицето обвинето за кривично дело ќе се смета за невино си додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска пресуда.
(2) Државните органи, средствата за јавно информирање и другите субјекти се должни да се придржуваат до правилото од ставот (1) на овој член, а со своите јавни изјави за постапката што е во тек не смеат да ги повредат правата на обвинетиот и оштетениот, како и судската независност и непристрасност.

[10]Донесените правосилни одлуки судовите задолжително ги објавуваат на веб страницата на судот во рок од седум дена од денот на правосилноста, на начин утврден со закон.
[11]Овластениот судски службеник на повисокиот суд е должен во рок од седум дена од денот на верификацијата на правосилната судска одлука да ја објави на веб

| | |
|---|---|
| | Весник на РМ бр.150/10) па не му е дозволено на имателот на информацијата да објави неправосилна одлука како во случајот на Решението КОКЖ-81/21 на Апелационен суд Скопје. Во конкретниот случај, со цел да се задоволи јавниот интерес покажан особено во периодот декември 2022 година, а избегнат неуки и паушални шпекулации а со тоа оневозможи намалување на и онака ниската доверба во работењето на судството, а заштити правото на обвинетиот за пезумпција на невиност до правосилност на одлуката, со соопштенија од ден 16.12.2022година и 19.12.2022 година на веб страната на Апелациониот суд Скопје обезбеден е делумен и пристап за кој Судот црпи основ од член 97 од Законот за судовите („Службен весник на РСМ“ бр.58/06, 62/06, 35/08, 61/08, 118/08, 16/09, 150/10, 39/12, 83/18, 198/18 и 96/19). На начинот на запознавање со информацијата, соопштенијата од ден 16.12.2022година и 19.12.2022 година на веб страната на Судот, Судот, ги следи напатствијата на законодавецот и не го нарушува угледот, честа и достоинството на личноста на обвинетите, а пред се, како во конкретниот случај, објавата не е на штета на независноста и самостојноста на судот кој ќе постапува по предметот. На овој начин е обезбедена соодветна пропорција помеѓу заштитениот интерес од презумпција на невиност и јавниот интерес за целосно објавување на информацијата.<br>Со тоа што Апелациониот суд Скопје утврдил дека е доведена во прашање фактичката состојба и правилната примена на Кривичниот законик, што би значело дека истиот проценил дека има неправилно утврдени дејствија по конкретниот предмет, а објавил соопштение за јавноста, го заштитил јавниот интерес за овозможување на еднаков третман на секој граѓанин пред законите но и овозможил достапност на нефинална информација. На тој начин обезбедил правда што пак е секогаш крајна цел на Судот поради и што во случајов се цени интересот за заштита за повисок од јавниот интерес за објавување на бараната информација во целост.<br>Од сето погоре истакнато се препознава исклучокот предвиден со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во член 6 став 1 точка 4 од истиот па Имателот на информацијата одлучи да го одбие пристапот до информацијата. |